# ***<u>Здравствена едукација, септември 2014 година</u>***

*Одделението за социјална медицина - Отсек за здравствено воспитание, продолжи и во месец септември со здравствена промоција и едукација на населението во Скопскиот регион.*

*Во месец септември 2014 година беа одржани вкупно 212 едукативни предавања со опфат на 3506 ученици од основно и средно образование и 611 деца од предучилишна возраст.*

*Едукативните предавања беа реализирани во јавната детска установа за згрижување на мали деца ЈДГОА Срничка, во општина Аеродром, и тоа во сите клонови на градинката: Бамби, Изворче, Лале, Црвенкапа, Чекорче и Калинка, на тема -Лична хигиена и здрава исхрана- со опфат на 24 групи.*

*Во месец септември со едукативни предавања беа опфатени следните училишта:*

- *СУГС Ѓорѓи Димитров*
- *СУГС Зеф Љуш Марку*
- *ОУ Марко Цепенков и неговите подрачни единици во с.Стракујадица и во с. Смесница.*
- *ОУ Наим Фрашери*
- *ОУ Мустафа Кемал Ататурк и подрачните единици во с.Горно Количани и во с. Долно Количани*
- *ОУ Емин Дураку и подрачните единици во с.Чајлане и во с. Арнакија,*

*во општините: Карпош, Аеродром, Зелениково, Студеничани и Бутел.*

*Едукативните содржини ги опфатија следните теми:*

- *Лична хигиена и превенција од небезбедна вода за пиење*
- *Здрави училишни оброци и здравствен ризик од неправилна исхрана*
- *Здравствен бенефит од редовни физички активности*
- *Болести на зависност*
- *Контрацепција*
- *Адолесцентна бременост*
- *СИДА и*
- *Сексуално преносливи инфекции.*

*Исто така,  беа одржани **двe трибини** на следните теми:*

*1.  Болести на зависност и*
*2. Адолесцентна бременост*

*и тоа во основното училиште Марко Цепенков во општина Зелениково и во средното училиште СУГС Зеф Љуш Марку, во општина Бутел.*

*Одбележан беше **Светскиот ден на срцето**, на 29-ти септември 2014 година, во соработка со СЕПУГС Арсени Јовков. По тој повод се организираше натпревар на кејот на Вардар  на 120 ученици во трчање и брзо одење.*

*Во **Советувалиштето за откажување од пушење** се спроведени 2 индивидуални едукации на клиенти како прво советување за откажување од пушење.*
*.*
*Во **Советувалиштето за сексуално и репродуктивно здравје** дадени се совети на педесет ученици на кои им се поделени брошури и флаери за сексуално преносливи инфекции и СИДА.*



С. Горно Количани, о. Студеничани,
ОУ Кемал Ататурк



С. Горно Количани, о. Студеничани,
ОУ Кемал Ататурк



С. Студеничани, о. Студеничани
ОУ Наим Фрашери



С. Стракујадица, о. Зелениково,
ОУ Марко Цепенков



*СЕПУГС Арсени Јовков, на кејот на Вардар*



Претставникот на ЦЈЗСкопје на пресот свикан
во ИЈЗ на РМ по повод Светскиот ден на срцето



Претставникот на ЦЈЗСкопје на пресот свикан во ИЈЗ на РМ по повод Светскиот ден на срцето



Претставникот на ЦЈЗСкопје на пресот свикан во ИЈЗ на РМ по повод Светскиот ден на срцето